# УВОДНИ
# СТИХОВИ





ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА

ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2025

*Сабота, 4 јануари 2025*

## <u>Соломон – Молитва за мудрост</u>

Што би побарале од Бога да ви даде ако сте апсолутно сигурни дека нема да ве одбие? Соломон имал таков избор. По смртта на Давид, тој станал цар над Израел и додека бил на местото наречено Гаваон, Господ му се јавил на сон во текот на ноќта и му рекол: „*Барај што сакаш да ти дадам*“ *(1. Царевите 3,5)*.

Ова му го кажува лично Бог, кој ги создал небото и земјата, велејќи дека може безусловно да побара што било.

Соломоновиот одговор се квалификува меѓу „големите молитви во Библијата.“ Еве за што се молел тој:

*„Подари му, пак, на Твојот слуга разумно срце за да му служи на Твојот народ и да разликува: што е добро и што е зло; зашто, кој може да управува со тој многуброен Твој народ?“ (1. Царевите 3,9)*.

Соломон барал мудрост да биде добар цар. Библијата кажува: „*Мило му беше на Господ што Соломон го побара тоа*“ *(стих 10)*. Сега да го разгледаме ова малку подлабоко, ставајќи се себеси во Соломоновите и Божјите обувки. Да се ставиме најпрво на Соломоновото место. Имаме некои траги во Соломоновото срце пред да му ја упати својата молба на Бога, откривајќи ни три работи за кои размислувал.

**Споредено со Давид**

Тој се споредил со својот татко Давид. Под владеењето на Давид, царството било цврсто воспоставено и сите израелски непријатели биле потчинети. Бог го нарекол Давида човек според негово срце. Ова мора да било тешко за Соломон, бидејќи се обратил кон Бога со зборовите: *„Ти му направи голема милост на Твојот слуга, татко ми Давид; и поради тоа што тој одеше пред Тебе, по вистината и праведноста и со искрено срце кон Тебе, Ти му ја зачува таа голема милост и му подари син, кој седи на престолот негов, како што е тоа денес“* (стих 6).

Со други зборови, Соломон се прашува дали Бог едноставно и понатаму покажува добрина кон неговиот татко Давид, на тој начин што го поставил неговиот син на престолот. Тој се чувствува како да е под Давидовата сенка.

**Споредување со дете**

Понатаму, Соломон изјавува пред Бога како гледа на самиот себе. Тој вели: *„Господи, Боже мој, Ти го постави за цар Твојот слуга место татко ми Давид, но јас сум сосема млад, не знам како да се однесувам“ (стих 7).* Кога Соломон дошол на престолот, тој бил зрела возрасна личност, но не се чувствувал така; сметал дека не е дораснат за работата што е пред него. Неговата изјава е скромно признавање на сопственото неискуство и изразување сомнежи околу својата зрелост да владее со царството.

**Споредување со луѓето**

На крајот Соломон размислува над кого ќе владее и се чувствува длабоко неподобен и исплашен. Тој вели: *„А Твојот слуга е среде Твојот народ што си го избрал, народ толку многуброен, па поради мноштвото негово не може ни да се преброи, ни да се догледа“* (стих 8). Со ова тој кажува: „Еј, ова е Божјиот избран народ, кој сум јас за да бидам цар над НИВ?“

Кога Соломон отишол на спиење таа вечер во Гаваон, несомнено е дека сите овие работи тешко го притискале неговиот ум уште од мигот кога седнал на престолот. А тогаш Бог дошол во сон кој го открива срцето на новиот цар, срце кое се борело. Често се случува да сонуваме за она што длабоко нѐ притиска, но во овој случај Бог е тој кој го иницирал овој сон.

**Што би барале вие?**

Сега може да ги соблечете Божјите обувки и да се вратите во своите. На почеток беше поставено прашање што би барале од Бога кога сигурно би знаеле дека не би ве одбил. Дали сте размислувале за тоа? Дали мислите дека вашата желба би била запишана меѓу големите молитви на Библијата? Не можете да се преправате пред Бога и да кажете нешто за да звучи добро или извонредно, ниту да мислите дека немате ништо доволно значајно што би побарале од Него да ви даде, бидејќи вие не сте цар. Ова е прашање на срцето. Што навистина има во вашето срце? Соломоновата молитва била голема, зашто неговото срце било чисто кога се молел. Послушајте го Божјето ветување за оние кои имаат такво срце.

*„Зашто вака вели Високиот и Возвишениот, вечно Живиот, Чие име е Светец: „Јас живеам на небесната височина и во светилиштето, но Јас сум и со оние што имаат скршено срце и понизен дух, за да го оживувам духот на понижените и да ги оживувам срцата на поразените“ (Исаија 57,15).*

Иако вашите молитви не можат да бидат сместени во Библијата, тие можат да бидат големи во Божјите очи. И може да се најдете изненадени кога на крајот Бог ќе ви го даде она за што сте го молеле – а можеби дури и повеќе од она што сте барале, како Соломон!

Нашите денешни молитви нека бидат искрени и од длабочината на срцето. Да го бараме она што ќе ни донесе, и нам и на другите, најголемо добро што ќе го возвиси Бога како Цар над царевите.

*Сабота, 11 јануари 2025*

## Причина за оптимизам

**„Веселото срце е благотворно како лек, а паднатиот дух коски суши“ (Мудри изреки 17,22).**

Библијата не е учебник по психологија, но нуди најмудри совети за да доживееме среќа овде и сега. Во Мудри изреки Соломонови 17,22, на пример, читаме дека *„веселото срце е благотворно како лек, а паднатиот дух коски суши“.*

Тоа едноставно тврдење неодамна е користено при обемни истражувања на медицински факултет, кој ги направил познат специјалист за срцеви заболувања. Истражувањата на тој кардиолог се изнесени во медицинско списание, а статијата носи наслов: „Оптимизмот може да значи живот за оние со заболено срце, а песимизмот нивна смрт.“ И статијата почнува со овие зборови: *„Здравиот поглед на живот помага во оздравување на болното срце.“*

Друг кардиолог, кој го проучувал дејството на депресијата, стравот и гневот кај пациентите заболени од срцеви болести, признава: „Не

знаеме како да ги промениме негативните чувства кај тие пациенти."

Меѓутоа, верата во Бога може да доведе до темелни промени. Оние кои гледаат над сегашните тегоби и се надеваат во Божјата добрина, секогаш можат да бидат радосни и среќни, и покрај болестите.

Значајно е што нашиот Спасител рекол во неколку наврати: „Не бој се" (Матеј 9,2). Знаеме дека животот е полн со проблеми и тегоби. Исус нè храбри со овие зборови: „*Не бој се, јас го надвладеав светот*" *(Јован 16,33)*.

Сиот свој товар, сите свои тегоби, грижи и проблеми можеме да ги ставиме пред Божјиот престол на милоста и таму да ги оставиме. Бог и денес е оној истиот, кој е подготвен да ги преземе товарите. Ова богослужение нека укаже чест и слава на Бога, а Тој нам, според своето ветување, да ни даде мир и радост во Христа.

*Сабота, 18 јануари 2025*

## Држете ги моите заповеди

„*Синко, не заборавај ја поуката моја и срцето твое да ги чува заповедите мои; зашто тие ќе ти придадат долги дни, години на живот и мир. Милоста и вистината да не бидат скудни во тебе: обеси ги на вратот свој, напиши ги врз плочите на срцето свое*" *(Мудри изреки3,1-4)*.

Иако оваа поговорка е предупредување од родениот татко упатена до својот син – а со тоа носи и голема тежина и авторитет – таа јасно покажува предупредување дека Бог го упатува секое свое дете да ги исполнува Неговите заповеди. Во суштина, кога ќе размислиме за ова, ние сме во искушение да мислиме само на Десетте Божји Заповеди и да поставиме прашање: „Дали никој може да ги држи совршено?", или „Нели Единствениот кој навистина совршено ги одржал е Исус Христос?" Но, апостол Јован ни кажува дека ние можеме да ги држиме кога сме соединети со Исус, сме во Неговата љубов и нè води Неговата благодат: „Бидејќи љубовта кон Бога се состои во ова: да ги пазиме

заповедите Негови, а Неговите заповеди не се тешки. Зашто сè што е родено од Бога, го победува светот; и ова е победата што го победи светот – верата наша“ (1. Јованово 5,3-4). Затоа Божјето слово ни дава предупредување кое се наоѓа во Соломоновите мудри изреки се однесува на аспектите на праведноста на Заповедите на таткото. Зборовите на овој стих најпрво нè упатуваат да го посматраме авторитетот на заповедите на Отецот, кој има право да ни ги упати како негови деца (Божји деца). Второ, ние мора да сфатиме дека заповедите на Отецот се корисни за нас, но само тогаш кога ги држиме. Ако не го направиме тоа, тие и понатаму ја носат тежината на неговиот авторитет, но тогаш тие стануваат зборови кои го осудуваат нашето неверие и непослушност. Многу подобро е да им овозможиме да бидат корисни во нашиот живот.

Таткото нè предупредува да „не заборавиме“ или „твоето срце нека ги држи Моите заповеди.“ Ние знаеме што значи да се држиме за нешто. Во својата најбуквална смисла, да се држи нешто, значи да се стави тоа нешто на безбедно место со големо внимание, со цел да остане колку може во што подобра состојба. Денес, некои луѓе имаат антиквитети кои се наоѓаат во нивните семејства во текот на многу генерации. И овие антиквитети често се проценуваат на десетици или стотици илјади долари.

Кога ги држиме Божјите заповеди, корист од нив нема да имаме само ние, туку таа полза ќе се шири и на нашите деца и внуци. Тие исто така влијаат на благосостојбата на заедницата во која живееме. Држењето на Божјите заповеди дејствува на тој начин што се враќа со огромна полза и благослови. Тие ги продолжуваат деновите на твојот живот, ти даваат мир, „бидејќи Господ ќе биде на сите твои патишта и ќе ја запази ногата твоја од препнување“ (Мудри изреки 3,26).

Денеска е добар ден, ден кога можеме да му дозволиме на Бога повторно во нас да ја втисне љубовта кон Него и Неговите заповеди.

*Сабота, 25 јануари 2025*

## <u>Бог обезбедува мудрост</u>

***„Зашто Господ дава мудрост; од устата Негова доаѓаат знаењето и разумот; Тој го зачувува за праведните спасението; Тој е штит за оние кои живеат непорочно; Тој ги чува патиштата на правдата и ја брани патеката на оние, кои Го почитуваат“ (Изреки 2,6-8).***

Кога ќе погледнеме во прекрасните нешта кои Бог ни ги дава, Тој предизвикува нашето срце да биде радосно. Тој ни го овозможува нашето постоење овде на земјата, и ги знае околностите во кои се наоѓаме на нашиот животен пат. Тој ги повикува оние кои се негови, од состојбата на духовно мртвило да оживеат за слатките духовни благослови. Тој го подготвува нашето срце. Писателот на стиховите што ги цитиравме вели: *„Тој го зачувува за праведните спасението“*. Бог е изворот на секоја мудрост и дава великодушно на сите оние кои ја бараат. Не само што дава, туку Тој е изворот на нашата желба да ја бараме Неговата мудрост. Ако сте гладни и жедни за правда, тоа е Божјата благодат, која го предизвикала тој глад - тоа чувство на потреба да се храните со сознанијата за Неговата праведност - вашата душа да биде исполнета. Тој ја создава таа потреба и она со што таа ќе биде задоволена. Исус рекол: *„Блажени се гладните и жедните за правда, зашто тие ќе бидат нахранети“* (Матеј 5,6). Природната аналогија за глад и жед ја открива Божјата природа и неговата мудрост со која ги задоволува потребите на Неговите свети. Ако не сте гладни, храната нема ништо да ви значи, ако не сте жедни, водата не ќе ви биде потреба. Соломон не зборува за повремен глад и жед; овие стихови зборуваат за длабоката потреба која треба да биде задоволена. Дали некогаш сте биле навистина гладни што сте се чувствувале толку лошо и бедно? Тогаш сите ваши мисли ќе ги насочите обидувајќи се да пронајдете нешто што ќе го задоволи вашиот глад. Зар не? Тоа е начинот кој Бог го осмислил за да обезбеди духовна мудрост за својот народ. Вистинскиот глад ќе биде задоволен, зашто Тој ќе го обезбеди она што е потребно за нас.

*„Од устата Негова доаѓаат знаењето и разумот“*, вели Соломон. Дарот од Бога, не е на некое оддалечено место, некое тешко достапно.

Неговиот дар на мудрост и разбирање никогаш не бил поблиску до оние кои навистина го бараат. Во тоа е Божјата мудрост, неосквернета со човечки уреди или природно уништување и тесно е поврзана со праведноста. Неговата реч е ризница со добра наменети за Неговите свети, оние кои се посветени или одвоени за света намена. Многу луѓе денес ја истражуваат Божјата реч за да најдат некоја скриена порака или за да приграбат формула која ќе им донесе богатство, здравје и успех. Тие можат тоа да го најдат, но тие работи не се богатство на Неговиот дар. Бог дава мир и одмор во Неговата реч за оние кои се уморни. Тој им дава охрабрување на обесхрабрените и разочараните. Тој обезбедува патоказ за изгубеното дете кое заскитало и им дава нова можност на своите деца кои станале малодушни затоа што повторно скршнале од патот на вистинската љубов кон Него. Тој е прибежиште за уморните и *„штит за оние кои живеат непорочно.“* Навистина, *„Тој ги чува патиштата на правдата и ја брани патеката на оние, кои Го почитуваат“.*

Денеска е добар ден уште еднаш да примиме дарови од изворот на Божјата мудрост и знаење.

*Сабота, 1 февруари 2025*

## Каков вкус имаат твоите зборови?

**„Пријатни зборови се восочен мед: за душата слатки, а за коските лековити“ (Мудри изреки 16,24).**

Ако се свртиме назад и погледнеме во минатото, ќе увидиме дека многу важни настани се тесно поврзани со зборовите.

Силата на зборовите не може да се пренагласи, така што овој стих од Мудри изреки Соломонови е многу важен за нас. Во него Бог преку Соломон изјавува дека благите и пријатни зборови се добри како за телото така и за душата. Тој стих едноставно наведува дека силата на пријатните зборови може да охрабри и подигне некого, всушност, велат дека тие имаат можност драстично да влијаат на луѓето.

Сега би требало да направиме пауза, да застанеме малку и да размислиме. Затоа што знаеме дека тоа е вистина и дека непријатните зборови можат да обесхрабрат некој и да го повредат. Тоа значи дека Бог ни доверил многу моќен инструмент - нашиот глас.

Со својот глас и со зборовите што ги изговараме можеме да ја изградуваме верата, самодовербата, јасната слика за тоа кој е Бог и кој е неговиот план за нечиј живот, како и да благословиме нечија душа и тело. Но, со истиот тој глас може да обесхрабриме некого и да ја извалкаме неговата претстава за Бога и за нас како христијани.

И со тонот на нашиот глас можеме да бидеме израз на Божјата благост или можеме да поставиме камен на кој некој може да се сопне на животниот пат.

Ние сме соочени со прашањето за тоа колку одговорно лично ние го користиме овој дар што Бог ни го доверил нам?

Млади, кои зборови ги изговоривте едни на други на школо во текот на оваа седмица?

Брачни другари, како се обраќавте едни кон други и кон вашите деца?

Деца и млади, какви беа вашите зборови што ги упатувавте на својата мајка и на својот татко, на својот брат или сестра?

А како и што зборувавте на вашето работно место или на некој друштвен собир? Дали вашите соседи по разговорот со вас беа исполнети со топлина и пријатност поради зборовите што сте ги кажале?

Дали вашиот јазик има вкус на мед, заради убавите зборови што сте ги изговориле?

Со овој стих Бог нè потсетува дека нашите зборови се моќно средство и нè повикува да мислиме, твориме и зборуваме само добро.

Кога вие би им дале на своите зборови мирис и вкус, што би било тоа? Како мед, шеќер? Или искрениот одговор би бил кисел како сок од лимон и горчлив како кафе?

Ние се стремиме да го употребиме дарот што Бог ни го дал најдобро што можеме и да дозволиме Бог да го исчисти изворот на нашите зборови, нашето срце, бидејќи устата зборува за она со што срцето е полно.

*Сабота, 8 февруари 2025*

<u>**Да разбереме**</u>

**„Надевај се на Господ од сè срце и не се потпирај врз твојот разум. По сите свои патишта размислувај за Него, и Тој ќе ти ги покаже твоите патеки“ (Мудри изреки 3,5-6).**

Освен Бога, дали постои некој на кого целосно му веруваш, без никаква резерва? Реков, освен Бога, бидејќи сите сме свесни дека треба да му веруваме. Но дали постои уште некој? Дали имате пријатели во кои имате доверба или некој драг роднина на кого му верувате со сè она што го имате, дури и со вашиот живот? Ако е одговорот да, тогаш навистина сте благословени. Благословени сте ако никогаш не сте искусиле болка што ви ја нанел некој кој ја изиграл вашата доверба, некој кој ве напуштил и ви го свртел грбот кога помошта ви била најпотребна. Тешко е да имаме доверба во другите луѓе, без оглед колку ни се блиски. Никогаш не можеме да бидеме целосно сигурни... А што е со довербата во самиот себе? Сме слушнале како луѓето велат дека имаат доверба во своите расудувања 100%, оти никогаш не се колебаат во која било ситуација да се најдат. Дали можете да кажете нешто такво? Често добиваме совети од другите луѓе кои велат „верувај во своето сопствено расудување“ или „потпри се на својата интуиција“. Повеќето од нас имаат вистински проблем со тоа, без оглед дали ќе го признаеме тоа или не. Често не сме во право! Барем самиот јас, а можеби тоа ќе го кажете и за себе. Тешко ни е тоа да го признаеме. Дали некогаш сте слушнале за некој познат човек кој за време на интервју, кога му било поставено прашање што би променил во животот, одговорил: „Не би променил ништо; или, кога би морал да повторувам, би го направил истото на ист начин!“ Често нивниот живот е вистинска збрка, но тешко е да се признае. Навистина е тешко да кажеме дека сме донеле некои мошне лоши одлуки во животот. А што мислите за довербата во Господа? Дали навистина му веруваме во секој сегмент во нашиот живот, или постојано сме вработени и немаме време за да му го покажеме тоа, Тој да нè доведе таму каде што е најдобро да бидеме?

Денешниот стих ни кажува дека треба да имаме доверба во Бога со

целото наше срце. Тоа значи безрезервно да Му веруваме во секоја една работа. За разлика од пријателите и семејствата во кои сме имале доверба, а нè изиграле во минатото, или можеби ќе нè остават на цедило во иднина, Бог никогаш нема да нè остави.

Дали сте помислиле дека Бог ве оставил некогаш во минатото или дали таква мисла ви дошла некогаш на ум? Можеби ќе кажете, „...не ме оставил, можеби не ја слушнал мојата молитва. Бев оставен сам во таа ситуација без одговор, но не знаев зошто“. Дали може да се случи да сме мислеле дека имаме доверба во Него, а можеби сме се потпирале на себе и на своето расудување?

Постои само едно решение за недостаток во разбирањето: „*Надевај се на Господ од сè срце и не се потпирај врз твојот разум. По сите свои патишта размислувај за Него, и Тој ќе ти ги покаже твоите патеки.*“

Денес е добар ден да престанеме да се потпираме на несигурен темел; да му дозволиме на Бога да нè постави на цврст, сигурен темел, на карпа која нема да се помести – единствено на Господа.

*Сабота, 15 февруари 2025*

## <u>Неизговорени зборови</u>

**„Устата на праведникот го познава благопријатното, устата на нечестивите - развратното“ (Мудри изреки 10,32).**

Дали познавате некоја личност која кажува сè што ќе ѝ падне на памет или воопшто не води сметка за тоа што го кажува или на кој начин ги изговара тие зборови?

Постојат луѓе кои можеби нема да кажат сè што ќе им падне на памет, но се восхитуваат на некој друг кој зборува избрзано, често не водејќи сметка за тоа какво влијание имаат неговите зборови на луѓето околу него. Понекогаш се случува емоциите да не ги следат зборовите коишто ги изговара лицето кое зборува нагло и избрзано. Во други ситуации, лицата кои инаку во поинакви околности не би ги изговориле тие зборови, кога емоциите им се придвижени можат да изговорат зборови за кои подоцна ќе зажалат. Оние кои се навикнати „да го кажуваат она

што го мислат“, можат да дадат некое делумно објаснување и да кажат дека се такви какви што се, но Божјиот збор ни кажува да водиме сметка за тоа што го изговараме. Некои можат да кажат дека тоа е нечесно или измамливо и дека, воздржувањето да не го кажеме она што го мислиме, не е добро за нас како ни за другите. Но, да погледнеме што ни кажува за ова Божјата реч.

Да зборуваме невнимателно она што ни е на ум, често може да биде користено како оружје со кое ги повредуваме другите со своите зборови. Оние кои не обраќаат внимание на својот јазик, всушност покажуваат некоја форма на бунт против личната одговорност за своите зборови. Денес изгледа дека и мажите и жените се натпреваруваат едни со други кој може да каже повеќе навредливи работи.

Но што е со Божјите деца? Што да правиме кога сме искушани да им попуштиме на нашите емоции, на гневот, на љубомората, тие да зборуваат место нас? Дали секој збор кој се формира во нашиот ум треба да биде изговорен? Зар не треба да водиме сметка за тоа кои зборови се прифатливи? Ако ни дојде на ум прашањето „прифатливо за кого?“ тогаш сме должни да застанеме и да се потсетиме дека нашите зборови, мисли и дела треба да бидат прифатливи за Бога. Дали сте брзи да го изговарате она што ви е на ум? Сетете се дека „устата на нечестивите“ односно безбожниците, зборува развратно. Тоа подразбира многу повеќе од она што е кажано. Погледнете ја разликата во речениците меѓу усните на праведникот и безбожникот. Праведникот говори мудро, не дозволувајќи да излезат пренаглени зборови од неговата уста. Безбожникот зборува нагло и често дозволува неговата уста да изговара какви било зборови. Праведникот знае дека не секој збор кој ќе настане во умот е прифатлив да биде изговорен, но безбожникот тоа не го знае. Не е ни чудо што Новиот завет ни кажува „*Зборот ваш секогаш да биде благодатен, зачинет со сол, за да знаете како треба на секого да му одговарате*“ (Колошаните 4,6).

Денес е добар ден, ден кога можеме да му дозволиме на Бога да ги зајакне нашите мисли и нашите усни да го зборуваат само она што е добро: што издигнува, облагородува, помага, теши, храбри и јакне.

*Сабота, 22 февруари 2025*

**<u>Биди внимателен поради слепата сила на завидливоста</u>**

**„Срцето твое нека не им завидува на грешниците, туку биди во сите дни свои во стравот Господов“ (Мудри изреки 23,17).**

Зависта е дефинирана како желба човек да ги задобие туѓите квалитети, имотот, она што некој има. Тоа е опасна работа и за жал, таа нè притиска од многу аспекти во нашето општество.

Рекламите се обидуваат и успеваат да разбудат завист во нас, кога се во прашање нови производи, до таа мера што излегуваме надвор и ги купуваме. Производувачите на облека се обидуваат и успеваат да посакаме да бидеме како моделите кои ја носат нивната облека, всушност, да посакаме да ја купиме. Музичките и спортските ѕвезди живеат раскошен начин на живот, кој кај нас поттикнува љубомора и стремеж, желба и ние да сакаме да бидеме како нив. За сето тоа време, оваа завист, љубомора и желба прават нашиот живот да биде беден, а ние слепи за реалноста дека ниту една од овие работи што ги посакуваме нема да ни донесат вистинска радост.

Интересно е што овој стих почнува со упатства од Соломон до неговиот син што да прави кога ќе се сретне со некој друг владетел. Соломон во добар дел од оваа книга го подготвува својот син за животот што ќе го води како цар. Затоа овој стих додава една друга димензија покрај видувањето на еден цар. Очите на царот нема да го видат само напредокот на поединците, туку и на целото царство, на целокупниот народ.

Она што треба да го научиме како најзначајна работа, без оглед дали сте цар или обична личност, е Господовиот страв. Соломон знаел дека тоа е вистина, кога царот или обичен човек бара знаење, мудрост или разбирање од Бога, а својот живот го управува на тој начин да му угоди на Бога, тогаш Бог ќе излее благослови и ќе го овозможи она што е најпотребно.

Нашата грешна природа сака да ги изврти работите. Таа ни кажува да погледнеме надвор, да ја видиме новата кола, подобра работа или некоја материјална добивка. Потоа оваа искривена логика кажува дека

сите тие работи се добри и дека Бог треба да ни ги даде, а ако не ни ги даде, тогаш треба да сториме сè од наша страна за да ги добиеме, зашто тие работи ќе ни донесат мир и радост, просперитет и успех. Токму тоа им го загорчува животот на мнозина.

Најзначајна работа во нашиот живот е да живееме во согласност со откровението кое ни е дадено, зашто Исус рекол дека негова цел е да ни даде живот и изобилство! (Јован 10,10)

Лагите на сатаната, со кои го мами овој свет, ни порачуваат, без оглед дали ќе згрешиме или не, дека ако живееме како некои други и ако го имаме она што тие го имаат, тогаш тоа ќе нè направи среќни и задоволни. Правата вистина е дека ниту една количина на материјални работи, грев или раскош во животот, никогаш нема да нè задоволи, затоа што никогаш не можел, а нема никогаш ни да може. Задоволството во животот произлегува од срцето, а само оној кој може да го исполни и да го задоволи срцето е Исус Христос.

Неговата рака и понатаму е над нас. Неговиот повик и понатаму важи, неговата намера и понатаму е иста: да нè благослови и да ни даде живот и изобилство. Апостол Павле нè повикува да истражуваме што му е угодно на Бога, а Бог секогаш ги исполнувал своите ветувања. Моја желба е ова денешно богослужение да нè зацврсти во сознанието која е добрата и совршена волја Божја (Римјаните 12,2) а Бог *„е силен да умножи во вас секаква благодат“ (2. Коринќаните 9,8).*

*Сабота, 1 март 2025*

**Сиромаштвото на беззаконието**

*„Стравот Господен додава денови, а годините на нечестивите ќе се скратат. Очекувањето на праведниците е радост, а надежта на нечестивите ќе загине. Патот Господов е крепост за непорочниот, а пропаст за оние што вршат беззаконие“ (Мудри изреки 10,27-29).*

Многу луѓе денес бараат разни начини да го одржат својот живот, сакајќи да живеат подолго или да бидат поздрави. Милијарди долари се трошат на различни достапни методи кои им го ветуваат на луѓето

она што тие го бараат. Постојат клубови за здравје, здрава исхрана, секакви витамини и додатоци на исхраната и разни други брзи препарати кои се обидуваат да направат нешто добро на тој пат на ветувањата за подолг и поздрав живот. Добро е што луѓето се грижат за своето здравје, како добри повереници на животот што Бог ни го дарувал. Но Библијата не ни ветува подолг живот заснован пред сè на физички средства. Дадени ни се разни Божји ветувања за должината на нашите денови кои се базираат на Господовиот страв. Меѓутоа, кажано ни е и дека беззаконието нема да напредува ниту долго да трае. По нашата дефиниција, да „напредува“ е искривено сфаќање дека се однесува само на богатството, здравјето, силата и влијанието. Ние сме во искушение да поверуваме дека беззаконието има свои награди. Често се поведуваме по мислите дека беззакониците напредуваат, додека Божјите праведни деца страдаат во сиромаштија и прогонство. Кога размислуваме на таков начин, ние паѓаме во стапицата на светскиот начин на размислување.

Денешните стихови ни кажуваат нешто за вистинската состојба на беззакониците: годините на безбожниците им се скратуваат. Чекањето на безбожните пропаѓа, и ќе се плашат оние кои прават беззаконие. Чекорите кои безбожниците се обидуваат да ги преземат, заради унапредување на нивните лоши работи, за да го продолжат својот живот во беззаконие, нема да успеат. Божјите праведници ќе опстанат и сè она што безбожните го сметаат како богатство, ќе заврши во нивна сиромаштија. Нивните очекувања и надежи ќе исчезнат – нема да ги исполнат во целост своите лоши планови. На сите зла што ги направил Адолф Хитлер им дошло крај. Тој не го остварил целото беззаконие кое планирал да го направи – да владее со светот и генетски да создаде раса луѓе кои ќе се вклопат во неговите изопачени планови. Пропаста е единственото ветување за крајот дадено на оние кои работат во беззаконие. Божјите луѓе можат да гледаат на привременото богатство, здравјето и на изглед напредокот на безбожниците и да се чудат, но да се сетиме дека злото на крајот го чека сиромаштија и смрт. Она што го чека Божјиот народ, е вистинското богатство на праведноста на Исуса Христа. Господовиот страв додава денови, а чекањето на праведните е радост и патот Господов е крепост на слабите.

Денес е добар ден кога можеме да сфатиме дека она што изгледа како богатство на беззакониците е всушност сиромаштво. А она што изгледа како сиромаштво на праведниците е всушност богатство во Христа и само тоа ќе трае неограничено.

*Сабота, 8 март 2025*

## <u>Цената на душите</u>

**„Праведниковиот плод е дрво на животот и мудрец е кој придобива души“ (Мудри изреки 11,30).**

Во текстот на непознато неделно списание се опипува еден човек кој сакал да дознае „што губи“ како атеист. Не бил свесен дека, покрај останатото, ја „губи“ својата вечна душа. Еден татко му плаќал на својот син, исто така атеист, 100 долари секоја седмица ако оди во црква. Која била цената за спасение на неговата душа?

Колку би платиле да ви се укаже прилика да му го претставите Исуса Христа на некој атеист? Апостол Павле потрошил многу повеќе во настојувањето да им го однесе евангелието на луѓето кои никогаш не слушнале за Исуса Христа. Многу патувал по разни делови на тогашниот познат свет. Во својот извештај опишал многу неволји – бродолом, затворања, камшикувања, тепање, исцрпеност, глад, студ и разни други опасности (2. Коринќаните 11,23-28).

Во изминатите две илјади години во мисионската работа многу пожртвувани луѓе ја напуштале својата татковина за да им ја однесат на другите луѓе во светот радосната вест за Исуса Христа. Во прогонства и соочени со разни опасности тие ја пренесувале спасоносната вест за Исуса. Притоа мнозина го изгубиле својот живот додека други трпеле ужасни прогонства, неволји и маки. Во многу делови на денешниот свет, јавно да се зборува за Исуса Христа е опасно, и го носи ризикот човек да биде затворен, мачен, па дури и убиен.

Кога гледаме на Исусовата жртва што Тој ја поднел за нас, секоја жртва што ја поднесуваме за да ја проповедаме Радосната вест е бесценета, зашто човечката душа навистина нема цена, таа е најдрагоцена од сè на светот.

Да бараме денес од Бога да ја разгорува во нас секој ден љубовта кон изгубените и да нè научи како на најдобар начин да им ја презентираме вистината за нашиот Спасител.

*Сабота, 15 март 2025*

## Секојдневниот живот

**„За натажениот сите денови се зли, а кому срцето му е весело, на гозби е постојано“ (Мудри изреки 15,15).**

Кога Тамара го прославувала својот 104-ти роденден, својата долговечност ја препишала на „смеата, на Господа Бога и на некои мали, ситни работи“.

„Не знам уште колку долго Бог ќе ме држи овде на земјата“, рекла таа, „само сакам да му се заблагодарам за сè што ми дал до сега“.

Повеќето од нас нема да доживеат толку голема старост, но можеме да научиме од Тамара како да уживаме во секој ден што Бог ни го дава како дар.

**Смеење:** „*Веселото срце го разведрува ликот, а болката во срцето тешкотија е за духот*“ (Мудри изреки 15,13). Вистинската среќа почнува длабоко во човековото битие, а се гледа на лицето.

**Господ Бог:** „*Стравот од Господа е училиште на мудроста, зашто смиреноста оди пред славата*“ (Муди изреки 15,33).

**Мали, ситни работи:** „*Подобар е оброк со зеленчук каде е љубовта, отколку згоен вол каде е омразата*“ (Изреки 15,17). Да се поддржува љубовта во меѓучовечките односи и да се ужива во основните работи во животот е многу поважно отколку богатството и успехот.

Нема сите да доживееме длабока старост, но сите можеме добро да живееме секој ден, со насмевка, со Господа Бога и со оние ситни мали работи кои го исполнуваат животот со радост и задоволство.

*Сабота, 22 март 2025*

## Прекрасна двојка

**„Има многу замисли во човековото срце, но што ќе науми Господ, тоа и ќе биде. Чест за човекот е неговото добротворство, и сиромавиот е подобар од лажливецот“ (Мудри изреки 19,22).**

Чесен и љубезен човек цел час возел со автомобилот по улиците на метрополата за да ја пронајде жената што ја оставила торбата со десет илјади евра на седиштето од неговото такси. На потсмешливите префрлања од неговите колеги, одговорил вака: „Јас сум христијанин, што би ми користело да одам во црква секоја седмица кога не би го спровел во живот она во што верувам и го слушам во проповедите?“

Во 2. Мојсеева 23. глава се истакнати начелата на чесност и љубезност кои Бог им ги дал на Израелците во законите. Требало да бидат толку чесни што морале да го вратат заталканото животно на сопственикот, па дури и ако тој е нивен лут непријател (стих 4). Морале да бидат љубезни кон непријателот: „*Ако го забележиш ослето на оној кој те мрази, како паднало под својот товар, не го оставај: треба да му помогнеш да се крене заедно со неговиот господар*“ (стих 5). Морале да се погрижат чесно да се постапува со сиромашниот, да му помогнат кога го третираат неправедно и нечесно (стихови 6-9). Сопствениците на земјиште морале да ја остават земјата секоја седма година да се одмора и да им дозволат на сиромашните таа година да се хранат од неа (стихови 10 и 11).

Чесните луѓе можат да бидат сурови. Љубезните можат да бидат нечесни и да не се грижат за праведноста. Но кога ќе ги поврзете чесноста со љубезноста, ќе создадете прекрасен пар кој ќе го прослави Бога и ќе им донесе големи благослови на ближните.

Бог нека ни помогне и во денешниот ден да има барем уште некој чекор кон остварувањето на овие Божји идеали во секого од нас.

*Сабота, 29 март 2025*

## Искушан и верен

*„Мнозина се наречуваат добротвори, но кој ќе најде верен човек?“ (Мудри изреки 20,6)*

Често знаеме да се разочараме во луѓето кои не го исполниле она што го ветиле, и покажале дека не можеме да имаме доверба во нив. Еден член на семејство ветил дека често ќе пишува, но не го исполнил тоа ветување. Пастор ветил дека ќе посети некој болен, но не го пречекорил ни болничкиот праг ни домот на болниот. Пријател рекол дека ќе биде со нас во мигови на жалост, но воопшто не ни се јавил по телефон. Други ни кажуваат дека ќе се молат на Бога за нас, но мошне брзо ги заборавaат нашите потреби. Некој ни ветил дека ќе ни заврши одредена работа, но повеќе не се појавил. Затоа се прашуваме: „Кој ќе најде верен човек?“

Малку можеме да преземеме во поглед на оние кои ќе се покажат неверни и такви во кои не може да се има доверба. Но, можеме многу да направиме со сопствената преданост и верност кон другите. Кога нешто ќе ветиме, тоа мора да го извршиме. Кога некому ќе му кажеме дека ќе се молиме за него, тоа мора да го исполниме. Кога зборуваме за љубов и преданост кон ближниот, можеме и со мал гест да покажеме дека тоа сериозно го мислиме.

Апостол Павле рекол дека еден од плодовите на Светиот Дух е преданоста или верноста (види Галатјаните 5,22). Бог во нас ќе создаде цврст и постојан дух ако сериозно го земеме предвид она што сме им го кажале на другите, дека ќе направиме нешто за нив и тоа навистина да го направиме на најдобар можен начин.

Да се молиме денес на Бога да нè направи такви луѓе на кои другите можат да се потпрат и да сметаат на нас кога ќе се најдат во некоја потреба. Да бидеме проверена и искушана личност која докажува дека на неа навистина можат другите да се потпрат. Божјата реч нека нè обнови на Божја слава и на благослов за оние на кои им е потребна нашата помош.

**ГРАДИВО**
**1/2025**

**Уводни стихови**

**Излегува тримесечно**

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Подготвил:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Илија Киров

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**